





ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО



# СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР 2019 – 2022 ГОДИНА











Делчево, 2018 година

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО




# *СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР 2019 – 2022 година*

Делчево, 2018 година

**Проект:**
Стратегија на Општина Делчево
за соработка со граѓанскиот сектор

**Носител на проектот:**
Регионален Центар за Застапување - Делчево

**Донатор:**
Преда Плус - Прилеп

**Подготвил:**
Марио Вељковиќ, МБА по Стратешки менаџмент

**Графичка обработка и фотографија:**
Кирчо Анастасов

# Обраќање на Градоначалникот

**Почитувани сограѓани,**

Создавањето институционални механизми за соработка на граѓаните и државните органи и тела, особено на локално ниво во процесот на креирање на политиките и други акти е основа на партиципативната демократија. Вклучувањето во креирањето на локалните политики во средина како што е Општина Делчево исто така подразбира и мобилизирање на целата јавност и создавање услови за изразување на сопственото мислење, не само на организиран начин преку граѓанските организации, туку и директно од страна на граѓаните. Затоа, Општина Делчево во целост ги препознава важноста и улогата и на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во општината и општо во развојот и подобрување на животот во локалната заедницата. Изработката на оваа стратегија ќе создаде услови да се слушнат мислењата и предлозите на граѓаните како чинители во граѓанскиот сектор. Од своја страна граѓанскиот сектор во општина Делчево, иако недоволно развиен, сепак во изминатиот период во одредени области врши важни општествени функции и дава огромен придонес за развој на општината.

Најголемо влијание е направено во областа на животната средина, руралниот развој, правата и интеграцијата на лицата со посебни потреби, етничките заедници, родовата рамноправност и едукација за жените од руралните подрачја, како и во промоција на културата, младите и спортот.

Тргнувајќи од овие факти, Општина Делчево одлучи да го поттикне граѓанскиот активизам во општината, да ја унапреди соработката со организациите и да придонесе кон нивен постојан развој. Овој стратешки документ и активностите предвидени во него ќе претставуваат водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнување на граѓаните да се вклучат во креирањето на локалните политики. Усвојувањето на Стратегијата за соработка на Општина Делчево со граѓанскиот сектор и негов постојан развој е индиректен придонес и кон реализирање на една од стратешките заложби определени во Стратешкиот план на Владата со граѓанскиот сектор (2018-2020).

Стратегијата на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор е подготвена на консултативен и партиципативен начин со значителна вклученост на граѓанските организации и општинската администрација во периодот февруари – септември 2018 година.

*Горан Трајковски*

# СОДРЖИНА

1. Листа на кратенки
2. Терминолошки појаснувања
3. Вовед и основа за подготовка на документот
4. Методологија и процес за изработка на стратегијата
5. Актуелни состојби констатирани на база на ПЕСТ анализа
    - Надворешни фактори
    - Внатрешни фактори
6. Стратешки пристап на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор
    - Визија
    - Принципи и вредности
    - Стратешки цели по области на делување
7. SWOT анализа по области на делување
8. Акциски план
9. Мониторинг и евалуација
10. Листа на лица, организации и претставници на ЛС, учесници во процесот за креирање на стратегијата

# 1. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**ГС** Граѓански сектор
**ЕК** Европска комисија
**ЕЛС** Единица на локалната самоуправа
**ЛС** Локална самоуправа
**ЕУ** Европска унија
**ЗГ** Здружение на граѓани
**ИКТ** Информациско-комуникациски технологии
**НВО** Невладина организација
**ПЕСТ** Политичко-легислативна, економска, социјална и технолошка анализа
**РМ** Република Македонија
**SWOT** Анализа на јаките и слабите страни, можностите и заканите
**ООН** Организација на Обединетите Нации

## 2.ТЕРМИНОЛОШКИ ПОЈАСНУВАЊА

Во документот се користат термини и изрази за граѓанскиот сектор (ГС) кои во зависност од нивната секојдневна употреба во различни сектори од општеството, можат да доведат до различна перцепција за истите. Општо прифатена правна дефиниција за граѓански организации не постои, меѓутоа според Организацијата на Обединетите нации (ООН), граѓанските организации се дефинираат како -

„Непрофитни, волонтерски граѓански групи кои се организирани на локално, национално и на меѓународно ниво, со цел да покренуваат прашања од јавен интерес. Целно ориентирани и создадени од луѓе со заеднички интереси, тие извршуваат различни услуги и хуманитарни функции, ги застапуваат потребите на граѓаните пред владите, ги следат политиките и спроведувањето на програмите и го поддржуваат учеството на граѓанскиот сектор на ниво на заедницата".

Од своја страна, пак, Цивикус го дефинира граѓанското општество како простор меѓу семејството, државата и пазарот, каде што луѓето се здружуваат за да ги остварат своите интереси. Очигледно е дека дефиницијата цели кон тоа да ги вклучи и формалните, но и неформалните здружувања и мрежи. Заради разбирливост и јасна дистинкција на изразите користени во овој документ, треба да се имаат предвид следниве појаснувања:



**1.Граѓанско општество** - формални и неформални граѓански асоцијации, организации и мрежи, исклучувајќи ги семејствата, бизнис-секторот, политичките партии и владиниот сектор, а се формираат со цел да ги изразат и остварат заедничките цели и интереси.

**2.Организација** е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организациски облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани во согласност со одредбите на Законот за здруженијата и фондациите.

**3. Организација** со статус од јавен интерес е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес во согласност со Законот за здруженијата и фондациите.

**4. Граѓански сектор** се организациите регистрирани во согласност со Законот за здруженијата и фондациите. Стратегијата ги користи термините граѓански организации, граѓански здруженија, граѓанско општество и невладини организации кои реферираат на потесната дефиниција како синоними за здруженијата и фондациите, т.е. со еден збор, граѓанскиот сектор.

**5. Засегнати страни** - целни групи граѓани, организации и институции кои имаат интерес и влијание во граѓанскиот сектор.

**6. Целна група** на којашто примарно се однесуваат мерките од оваа стратегија се сите субјекти формирани во согласност со Законот за здруженијата и фондациите, т.е. граѓанскиот сектор (ГС), кои дејствуваат на подрачјето на Општина Делчево.

**7. Општина** е единица на локалната самоуправа, заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон.

**8. Информациско-комуникациски технологии (ИКТ)** - збир од технологии кои се занимаваат со обработка, чување и комуникација на информации, вклучувајќи ги и сите видови компјутерски и комуникациски системи.

**9. Надлежност** е збир на работи од јавен интерес од локално значење кои Општината, во согласност со законот, има право да ги врши на своето подрачје и е одговорна за нивното извршување.

# 3. ВОВЕД И ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТОТ

Креирањето и одржувањето на институционалните механизми за соработка на граѓаните со државните и локалните органи и тела, особено во процесите на креирање на локалните политики, ја дава основата на партиципативната демократија. Вклучувањето на јавноста во креирањето на локалните политики подразбира и нејзино мобилизирање и создавање услови за изразување на различните мислења и интереси.

Општина Делчево во целост ги препознава важноста и улогата на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во Општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата.

Тргнувајќи од овие факти, Општина Делчево одлучи да го поттикне граѓанскиот активизам во општината, да ја унапреди соработката со граѓанските организации и да придонесе кон нивен постојан развој.

Резултат на таа заложба е овој документ - „Стратегија на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор 2019-2022", кој се однесува на соработката со здруженијата и фондациите, како дел од поширокиот граѓански сектор и има за цел да обезбеди инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи на Општина Делчево, како и да создаде предуслови за креирање на ефикасни партнерства.

Стратегијата на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор е подготвена на консултативен и партиципативен начин со значителна вклученост на граѓанските организации и општинската администрација во периодот април - септември 2018 година.

Стратегијата е изработена врз база на повеќе постоечки документи како што се:

- Извештајот за тековната состојба во Општина Делчево, како и врз основа на
- Стратешката анализа, кои се достапни на веб страната на општината.

Стратегијата ќе биде придружена со акциски план, кој ќе ги

разработи конкретните активности и ќе придонесе кон исполнување на утврдените стратешки приоритети и мерки во насока на постигнување на визијата на Општината.

Документот е во согласност со:

- Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012 – 2017);
- Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012 – 2017);
- Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија (2011-2014);
- Програмата за развој на источниот плански регион 2015 – 2019 и други локални документи од стратешко значење за Општината .

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА И ПРОЦЕС ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Создавањето квалитетни предуслови, посветеноста на највисоките општински раководни структури и мотивираноста на засегнатите страни за учество во процесот, се главните фактори за успешно стратешко планирање. Во оваа насока беше обезбеден еден сеопфатен посветен пристап и активно учество на членовите на Советот и општинската администрација во процесот на креирање на стратегијата.

Во процесот на изработка на Стратегијата беа земени предвид повеќе постојни стратешки документи на локално, регионално и на национално ниво.

Процесот започна со организација на јавна расправа, со цел да се обезбеди отворена дебата и усогласување на политиките и предложените стратешки приоритети и мерки, како и да се зголеми чувството на сопственост во однос на изготвената стратегија и да се зголеми фокусираноста и одговорноста во процесот на нејзината имплементација. Стратешкото планирање се базираше на активна партиципација на сите чинители и заинтересирани страни и

хронолошки се состоеше од:

- четири практични работилници;
- сеопфатна анализа на тековната состојба во Општината од аспект на соработката со граѓанскиот сектор;
- теренско истражување за задоволството на граѓаните од локалните услуги во Општината;
- анализа на засегнатите страни;
- ПЕСТ-анализа;
- SWOT анализа;
- формулирање на визијата;
- идентификување на принципите и вредностите;
- одредување на стратешките приоритени цели;
- дефинирање на клучните показатели на изведбата;
- одредување на целните вредности за секој клучен показател на изведбата;
- идентификување на мерките и активностите за постигнување на целните вредности;
- изработка на нацрт-верзија на Стратегијата;
- јавна расправа;
- донесување на Стратегијата од страна на Советот на Општината;
- објавување на документот на веб страната на Општината,



# 5.АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ КОНСТАТИРАНИ НА БАЗА НА ПЕСТ АНАЛИЗА

## А. Надворешни фактори

Со Законот за здруженијата и фондациите се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на работа на здруженијата, фондациите, сојузите, организациските облици на странските организации во Република Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.  Советите на општините имаат обврска поблиску да ги уредат условите за распределба и користење на средствата кои ги трансферираат до организациите и да донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата, како и јавно да ги објават организациите кои добиле финансиски средства на општинската веб страница. Со законот се дефинира и статусот на јавен интерес, што значи дека организациите можат да се стекнат со статус од јавен интерес доколку вршат дејности од јавен интерес, спроведуваат програми и проекти на централно и/или на локално ниво, самостојно или во соработка со органите на државната управа и органите на општините и користат финансиски средства за реализација на активностите.

Првата национална Стратегија за соработка на Владата со граѓанските организации беше усвоена во јануари 2007 година, заедно со Акцискиот план во кој беа разработени специфичните мерки и активности за спроведување на целите на Стратегијата. Според оцените за спроведувањето на оваа стратегија, едно од клучните достигнувања е „надградбата на правната рамка и неколкуте закони донесени на партиципативен начин“. Актуелната Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) се залага за промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи меѓу Владата и граѓанскиот сектор, преку мерки на зајакнување на заемната соработка во пет приоритетни области:

1. Развиен и одржлив граѓански сектор;
2. Активно учество во дефинирањето на политиките, законите

и европската интеграција;

3. Економски развој и социјална кохезија;
4. Зајакнат граѓански активизам и поддршка од заедницата;
5. Зајакната институционална рамка и практики за соработка.

Иако Стратегијата пред сè се однесува на органите на државната управа на централно ниво, сепак таа повикува да се поттикне добрата практика на соработка и развој на локалните граѓански организации и да се усвојат механизми за соработка, поддршка и вклучување на граѓанските организации во спроведувањето на активностите на локално ниво.

Најзначајниот регионален стратешки документ во Источниот плански регион, каде што припаѓа Општина Делчево, е „Програмата за развој на Источниот плански регион 2015–2019“. Од програмата може да се види дека граѓанскиот сектор бил вклучен во процесот на планирање на регионалниот развој во сите тематски области. Сепак, вклученоста на граѓанскиот сектор во процесот на планирање не придонела за суштински мерки и активности кадешто НВО би биле активен фактор во процесот на имплементацијата на програмата. Исто така, во програмата нема експлицитна мерка ниту активност со која би се стимулирало или би се подобрило граѓанското учество во носењето на регионалните и/или локалните политики и нивната имплементација.

Општина Делчево поседува голем број локални документи од стратешко значење за Општината, а граѓанскиот сектор активно учествувал во нивната изработка и во планирањето на мерките и активностите, како и во нивната имплементација.

Одреден број НВО (РЦЗ Делчево, НВО КХАМ, ЗГ Аронија, ЗРА Пијанечки глас, ЗФГ Копачка – с.Драмче, ЗКУД Гоце Делчев – Делчево, РКЕЦ Тернипе МК – Делчево, ХЗППЛПП-Бравура Кооператива, ЗМ Локален младински совет Делчево) активно учествувале во изработката на Локалниот акциски план за социјална заштита, како дел од локалната Програма за социјалните потреби на граѓаните од социјална заштита на Општина Делчево (2006) како и

Локалниот еколошки акционен план. Уште поважно е дека, во најголем број од планираните мерки и активности за спроведување на акциските планови, НВО се едни од главните партнери и/или носители на имплементацијата.

Процесите на децентрализација и пристапување на РМ во Европската унија (ЕУ) исто така придонесуваат во дефинирањето на политичко-легислативната рамка. Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014 истакнува дека сите предвидени активности имаат за цел да го подигнат институционалното ниво на спроведување на процесот на децентрализација и учеството на клучните фактори, вклучително и граѓанското општество. Европската комисија (ЕК) редовно ги следи случувањата со граѓанското општество во РМ и во годишните извештаи за напредокот во рамките на политичките критериуми за членство посветува поглавје за граѓанското општество. Економските податоци сугерираат дека Источниот плански регион, каде што припаѓа Делчево, учествувало со 8.1 % во бруто-домашниот производ (БДП) на државата за 2016 година. За Делчево како и за повеке други општини од Источниот регион во последните години е карактеристична депопулацијата. Има намален природен пораст на населението, позитивно миграционо салдо и полова избалансираност. Во Општина Делчево се регистрирани околу 200 граѓански организации, од кои активни се дваесетина. Најзастапени се оние кои дејствуваат во областите екологија, регионален развој, меѓугранична соработка, социјална инклузија на маргинализирани групи, култура, образование, здравствени и хуманитарни дејности, спорт, земјоделство и други.

Широката распространетост и достапноста на новите медиуми (фејсбук, твитер, фликер, јутјуб) е лесен, економичен и ефикасен начин за комуникација со граѓаните, за пренесување пораки, документи, фотографии и видеоматеријали, организирање он-лајн разговори, вебинари, форуми и сл.

Стратешката анализа покажа дека од надворешните фактори најголемо влијание врз соработката на локалната самоуправа со

граѓанскиот сектор имаат политичко-легислативните и економските фактори, како и воспоставената деловна практика на општинската администрација како најважен внатрешен фактор.

**Б. Внатрешни фактори**

Во организациската структура на Општината не постои посебен сектор ниту одделение за соработка со граѓанскиот сектор. Сепак, соработката е институционализирана во рамките на Секторот за правни, административни и општи работи преку Одделението за услуги на граѓаните и месна самоуправа, како и Одделението за локален економски развој, кои се вклучени во активностите за соработка и поддршка на ГС. Редовно се усвојуваат годишни програми за поддршка на граѓанскиот сектор и се одржуваат средби со претставниците на граѓанскиот сектор. Главната цел на програмите е мотивација на невладините организации да работат во интерес на заедницата и да бидат партнер на Општината во креирањето на нејзините развојни политики. Финансиските средства за поддршка на проектите на здруженијата се планирани со програмата за Локален економски развој, во износ на 1.500.000 мкд на годишно ниво. Притоа се финансираат здруженијата и фондациите од областа на ЛЕР, културата, образованието, здравствената заштита, заштитата и унапредувањето на животната средина, младите и младинските политики. Исто така се финансираат и активности од областа и други настани поврзани со спорт, земјоделие, туризам и др. Распределбата на финансиските средства од буџетот на Општината за поддршка на ГС се врши преку објавување јавен повик за поднесување проекти, во кој се дефинираат областите од интерес, условите и потребните документи за докажување на капацитетот на организациите.

Општина Делчево има изработено стандардизирани формулари со кои граѓанските организации аплицираат за добивање финансиска поддршка за реализација на проекти и програми и истите се јавно достапни на веб-страницата на Општината. Следењето на реализацијата на доделените финансиски средства се врши преку

поднесување квартални извештаи кои содржат наративен и финансиски дел, но не постои посебен систем за мониторинг на имплементацијата и евалуација на постигнатите резултати од проектите кои биле финансиски поддржани.

Иако Општината остварува високо ниво на соработка со ГС, сепак не постојат официјални процедури за соработка, ниту пак локални политики за стимулирање на вклученоста на ГС во носењето на локалните политики. На ад-хок основа, Општината редовно соработува со здруженијата во изработката на заедничките проектни апликации и/или реализацијата на проектите финансирани од странски донатори и логистички го поддржува ГС во градењето на капацитетите за изработка на проектни апликациии преку организирање обуки. Најчестите начини за комуникација на општинската администрација со граѓанскиот сектор се јавните трибини, е-маил, телефонските разговори, директните секојдневни контакти, наменските средби со организациите активни во конкретна област, но најчесто се практикува објавување на информациите на веб-страницата на Општината која редовно и навремено се ажурира со информации за активностите на Општината, меѓу кои и оние во интерес на ГС.




Седниците на Советот се јавни и отворени за сите заинтересирани, а службените гласила во целост се објавуваат на веб страницата и детално ги вклучуваат сите материјали и документи од седниците. Информациите за одржување на седниците на Советот се објавуваат на локалните медиуми и на веб-страницата, каде што се објавува и дневниот ред за секоја седница.

Сепак, Општината се уште го нема институционализирано присуството на граѓанските здруженија на седниците на Советот.

## 6.СТРАТЕШКИ ПРИСТАП НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР 2019-2023г.

Стратешкиот пристап дава целосна слика на причинско-последичната поврзаност на приоритетите на Општина Делчево во постигнувањето на визијата за соработка со граѓанскиот сектор до 2022 година, преку четирите стратешки приоритетни области на делување:

- Учество на граѓаните во локалниот развој;
- Обезбедување услуги;
- Развој на капацитетите;
- Управување со буџетот.

Врз основа на сеопфатните анализи на секоја од перспективите се дефинирани стратешките приоритетни цели и клучните мерки за секоја област одделно.

## ВИЗИЈА:

**“Во Општина Делчево, граѓанскиот сектор и локалните јавни институции заеднички планираат и имплементираат локални јавни политикин во насока на континуиран и одржлив развој и подобар живот на граѓаните“**

Оваа визија на Општина Делчево ќе се оствари со доследно почитување на утврдените принципи и вредности во партнерство со граѓанскиот сектор кој активно ќе се вклучува во носењето на локалните одлуки и испораката на општинските услуги. Општината и граѓанските организации заеднички ќе се ангажираат да ги стимулираат младите едуцирани кадри активно да се вклучат во активностите на граѓанското општество. Затоа ќе се воспостави ефикасен и одржлив интерен систем за соработка со ГС и ќе се обезбеди локална платформа за граѓанските организации од јавен интерес, со цел да се стимулира испораката на локалните услуги од страна на ГС. Преку системот за континуирано јакнење на

капацитетите на општинската администрација и ГС, како и создавањето и негувањето на мотивиран и иновативен тим со доволно знаење и вештини, ќе се обезбеди раководење со Општината во партнерство со развиениот граѓански сектор. Притоа, Општина Делчево ќе обезбеди конзистентност и предвидливост на буџетот за оваа намена, а истовремено ќе се залага за обезбедување дополнителни (вонбуџетски) средства за поддршка на ГС во Општината.

## ПРИНЦИПИ/ВРЕДНОСТИ:

Во процесот на реализирање на стратешките приоритети и мерки за остварување на визијата на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор во периодот 2019-2022 ќе бидат почитувани следниве принципи и вредности:

**Еднаквост:** при имплементирањето на Стратегијата на Општина Делчево ќе има подеднаков однос кон сите граѓани и нивните здруженија, без разлика на нивната етничка, верска, полова, возрасна или друга припадност.

**Партнерство:** при имплементацијата на стратешките приоритети Општина Делчево ќе гради партнерства со преостанатиот јавен и бизнис-сектор, како и информирање и вклучување на засегнатите страни

**Доверба:** Општина Делчево ќе ги почитува интегритетот, независноста, капацитетот и способностите на сите засегнати страни вклучени во имплементација на стратегијата.

**Континуираност:** Општина Делчево ќе биде во постојана и непрекината соработка и комуникација со ГС во секој аспект на меѓусебните односи.

**Транспарентност:** Општина Делчево промовира високо ниво на јавност на информациите со кои располага, услугите кои се нудат, процедурите според кои се извршуваат и критериумите според кои истите се обезбедуваат.

**Отчетност:** отчет за работењето на локалните власти

(Градоначалник, Совет и администрација), за тоа што е, но и тоа што не е реализирано во рамките на предвидените општински програми, со детални финансиски извештаи за реализираните програми, проекти, мерки и активности.

**Партиципативност:** граѓаните и граѓанските здруженија ќе бидат активно вклучени не само во процесот на консултации, туку и во креирањето на јавните политики од локално значење.

**Иновативност:** Општина Делчево постојано ќе бара иницијативи и системски постапки за воведување нови начини за поефикасно, поефективно и поквалитетно извршување на работните задачи.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### 1. УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ЛОКАЛНИОТ РАЗВОЈ:

#### Стратешка цел 1.

**Носење на локални политики во соработка со ГС**

#### Стратешка цел 2.

**Вклучување на младите едуцирани кадри во ГС**

#### Стратешка цел 3.

**Обезбедување на локални услуги со активно вклучување на ГС**

### 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ:

#### Стратешка цел 4.

**Одржување ефикасен и интерен систем за успешна соработка со ГС**

**Стратешка цел 5.**

**Обезбедување на локална платформа за граѓански организации од „јавен интерес“**

## 3. РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ:

**Стратешка цел 6.**

**Систематско и континуирано јакнење на капацитетите на администрацијата и ГС**

**Стратешка цел 7.**

**Воспоставување и негување на мотивиран и иновативен тим**

## 4.УПРАВУВАЊЕ СО БУЏЕТОТ:

**Стратешка цел 8.**

**Зголемување на вонбуџетски (надворешни) средства за поддршка на ГС**

**Стратешка цел 9.**

**Обезбедување конзистентност и предвидливост на општинскиот буџет за ГС**







# 7. S W O T АНАЛИЗА ПО ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

## Стратешки приоритетна област на делување 1. Учество на граѓаните во локалниот развој

Гледано од аспект на учество на граѓаните, како крајни корисници на услугите, во локалниот развој, Општина Делчево има повеќе силни страни. Отвореноста на општинската администрација и веќе воспоставената добра соработка со ГС овозможува полесно усогласување на заедничките приоритети и непречена имплементација на мерките и активностите.

Истовремено, отвореноста за соработка овозможува и лесен пристап на ГС до информациите од Општината, редовни средби со граѓаните и со медиумите, што треба да придонесе за транспарентен процес на стратешко планирање и имплементација. Практиката Општината да обезбедува логистичка поддршка на ГС за изработка на проектни апликации и практиката за реализација на заеднички проекти ќе овозможи мобилизирање на повеќе финансиски средства за ГС. Овие силни страни, во комбинација со развиениот граѓански сектор пред сè во областите екологија, култура и социјала, ги дефинираат стратешките приоритети за партнерството на Општината и ГС во носењето на одлуките од локално значење, како и за активно вклучување на ГС во општинските активности и услуги.

Воспоставувањето на ова партнерство ќе придонесе и за интензивно вмрежување на локалниот ГС, но и за мотивираноста да се обезбеди и вклученост на бизнис секторот во партнерството, со што истовремено се адресираат и детектираните слаби страни. Дополнително, вклучувањето на бизнис секторот во партнерството освен што би можел да обезбеди дополнителни финансиски средства за поддршка на ГС, ќе влијае и врз зголемувањето на интересот на младите за вклучување во активностите на ГС, а со тоа ќе се адресира и влијае на заканата за одлив на млади едуцирани луѓе од Општината. Исто така, активното вклучување на младите и едуцирани кадри во работата на ГС може да го ублажи влијанието на другите закани, како

што се политичкиот притисок на централната врз локалната власт и формирањето на НВО со политички мотиви, со што директно се демотивира реалниот ГС да придонесува во заедницата и истовремено се врши негова партизација.

## Стратешки приоритетна област на делување 2.
## Обезбедување услуги

Во однос на внатрешните процеси во Општина Делчево, идентификуваните силни страни за соработка со граѓанскиот сектор, (доволната екипираност на администрацијата со квалитетен кадар, воспоставените меѓугранични односи со граничните региони од соседните држави и искуството во соработката со домашните и странските донатори) овозможуваат квалитетно поврзување со можностите претставени преку добрата географска положба, стручните капацитети на ГС и можноста за соработка во имплементацијата на националната стратегија за соработка со ГС.

Овие можности создаваат одлични предуслови за Општината да делегира дел од надлежностите и да ја подобри испораката на услугите кон граѓаните. Истовремено, поволната географска положба, во смисла на тоа дека станува збор за погранична Општина,



е можност за полесна прекугранична соработка и користење на искуството од прекуграничните региони во соседните земји. Стратешкиот приоритет за воспоставување на ефикасен и одржлив интерен систем за соработка и комуникација со ГС, исто така, во целост ќе ги отстрани или ќе ги минимизира слабите страни, како што се непостоењето на соодветна организациска структура (сектор или одделение) за соработка со ГС и немањето официјални процедури за редовна комуникација и вклученост на ГС.

Со дефинирање на стратешкиот приоритет за локална платформа за граѓанските организации од „јавен интерес“ ќе се обезбеди транспарентен систем за координација и информирање, како и поддршка на ГС за испорака на услуги и постигнување статус „организации од јавен интерес“, со што како крајна цел ГС ќе се вклучи во испораката на дел од локалните услуги.

## Стратешки приоритетна област на делување 3.
## Развој на капацитетите

За да можат да се реализираат промени и да се адаптираат внатрешните организациски процеси за обезбедување поквалитетни услуги, неопходно е да се креира поволна организациска клима за учење и раст, т.е. развој на капацитетите. Посочените јаки страни на Општина Делчево во оваа смисла се докажаното искуство за реализација на проектите, постоењето на актуелни стратешки документи во повеќе области, како и континуираниот систем на обуки според ИСО 9001 стандардот, кои во комбинација со активниот ГС и практичното искуство од работата на локалните здруженија со статус од јавен интерес (можности) го одредуваат стратешкиот приоритет за систематско јакнење на капацитетите на администрацијата, но и на ГС. Од друга страна, недоволната запознаеност на Општината со активностите на ГС и недоволниот ангажман во реализацијата на националната стратегија за соработка со ГС се детектирани како

слаби страни.

Овие слаби страни, комбинирани со сериозните закани како што се недоволната размена на знаења и искуства помеѓу засегнатите страни на општинско ниво, невклучувањето на администрацијата во процесот на креирање на националните политики за соработка со ГС и растечките социјални тензии, бараат сериозен пристап од страна на општинската администрација за справување со ваквите потенцијални ризици.

Затоа, стратешкиот приоритет за воспоставување на мотивиран тим кој ќе наоѓа нови и иновативни решенија треба да овозможи намалување на негативните ефекти од ризиците, а истовремено акумулираното знаење и вештините на администрацијата да се искористат за јакнење на капацитетите и на ГС.

## Стратешки приоритетна област на делување 4. Управување со буџетот

Силните страни на Општина Делчево во однос на финансиската перспектива (досегашното искуство од редовната финансиска поддршка од буџетот, дефинираниот релативно голем буџет за поддршка на ГС, како и партиципативното буџетирање) треба соодветно да се комбинираат со можностите, како што се пристапот до ЕУ-фондовите за прекугранична соработка и стимулативните мерки за бизнис заедницата преку даночни олеснувања. Затоа, стратешкиот приоритет што ќе ги искористи јаките страни и можностите има за цел да обезбеди дополнителни вонбуџетски средства за поддршка на ГС во Општина Делчево.

Од друга страна, непостоењето на официјален систем за мониторинг на влијанието на финансираните проекти, како слаба страна во оваа перспектива, но и сериозноста на заканите претставени со негативниот тренд на целокупните економски, финансиски и социјални перформанси во државата и намалувањето на расположливите финансиски средства можат да се надминат со обезбедување конзистентност и предвидливост на средствата од

општинскиот буџет за ГС.

Зголемената ефикасност во користењето на буџетските средства ќе се обезбеди преку воспоставување критериуми и процедури за распределба на грантовите за ГС, со што ќе се зголеми ефикасноста, а истовремено ќе се намали субјективизмот при распределбата на грантовите за ГС. Системот за мониторинг, пак, ќе обезбеди реална проценка на влијанието на реализираните активности и финансиска контрола на трошењето на доделените средства. Оптимистичкото сценарио за овој стратешки приоритет ја зема предвид и можноста за постепено зголемување на процентот од општинскиот буџет за ГС, со што ќе се ублажат негативните последици од финансиско-економската криза, а Општината дополнително ќе покаже интерес за одржување на активностите на ГС и во услови на криза.

## 8. АКЦИСКИ ПЛАН

Акцискиот план за имплементација претставува скица и основна рамка која што овозможува подобро да се следи кои стратешки чекори ќе ги преземе Општина Делчево во периодот 2019-2022 година и кои резултати треба да се постигнат за да се реализира визијата за соработка со граѓанскиот сектор во Општината, како што е претставено во табелата подолу. Истиот се состои од четири посебни табели, по една за секоја од приоритетните области на делување во рамки на оваа стратегија.

Акцискиот план ќе претставува основен документ, извор, насока односно рамка за подготовка на детален годишен оперативен план/планови за соработка со ГС, за секоја година во периодот на имплементација на стратегијата.

Покрај есенцијалната и претходно образложена улога на Акцискиот план, истиот ќе се користи и за Мониторинг и Евалуација на имплементацијата и постигнувањата реализирани со реализацијата на оваа стратегија. Истото е подетално опишано во посебен пасус од овој документ.

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Табела 1

| Стратешки приоритетна област на делување 1.<br>Учество на граѓаните во локалниот развој | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритети /Стратешки** | **Клучни мерки /Иницијативи** | **Показатели** | **Рок** |
| СЦ1.Носење на локалните политики во соработка со ГС | 1.1 Создавање механизми за институционална соработка помеѓу Општината и граѓанскиот сектор (Центар на заедницата) | 1.1.1 Однос на прифатени / предложени предлози од ГС<br>1.1.2. Донесен правилник/деловник за соработка на Општината со ГС | 2019 |
| | 1.2 Вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на локалните политики | 1.2.1 Број на донесени одлуки со учество на ГС<br>1.2.2 Број на претставници на ГС кои учествувале во процесите<br>1.2.3 Број на граѓански здруженија /НВО кои учествувале во процесите | Континуирано во периодот 2019-2022 |
| СЦ2. Вклучување на младите едуцирани кадри во ГС | 2.1 Промоција на можностите за преземање на дел од надлежностите од страна на ГС | 2.1 Промоција на можностите за преземање на дел од надлежностите од страна на ГС<br>2.1.1 Број на НВО вклучени во промотивните активности на Општината<br>2.1.2 Број на организирани промотивни активности на годишно ниво<br>2.1.3 Број на граѓани вклучени во промотивните активности на Општината | 2019-2020 |
| | 2.2 Дефинирање на понудата и критериумите за испорака на услуги преку ГС во одделни области | 2.2.1 Дефинирани критериуми и подготвени стандарди и правилник/деловник за испорачување на услуги од страна на ГС | 2019-2020 |
| СЦ3.Обезбедување локални услуги со активно вклучување на ГС | 3.1 Воспоставување механизми за следење на активностите на ГС | 3.1.1 Дефинирани критериуми и подотвени стандарди за следење<br>3.1.2 Број на воспоставени механизми | 2019-2020 |
| | 3.2 Подигнување на свеста кај граѓаните за поактивно учество во ГС | 3.2.1 Број на организирани настани и јавни промотивни настапи на годишно ниво<br>3.2.2 Број на нововклучени активисти во НВО на годишно ниво | Континуирано во периодот 2019 - 2022 |
| | 3.3 Форми за заеднички настап пред странските организации и донатори | 3.3.1 Број на настани со заеднички настап на ЛС и ГС пред странските организации и донатори | Континуирано во периодот 2019 - 2022 |

# АКЦИСКИ ПЛАН

## Табела 2

| Стратешки приоритетна област на делување 2.<br>Обезбедување услуги | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритети /Стратешки** | **Клучни мерки /Иницијативи** | **Показатели** | **Рок** |
| СЦ4. Одржување ефикасен и интерен систем за успешна соработка со ГС | 4.1 Воспоставување на организациска структура за соработка со ГС | 4.1.1 Формирано Одделение за соработка со ГС<br>4.1.2 Број на државни службеници во одделението | 2021-2022 |
| | 4.2 Институционализација на редовната комуникација и полесно вклучување на граѓанските организации | 4.2.1 Официјално назначено лице за комуникација со ГС со соодветен опис на работни задачи | 2021-2022 |
| | 4.3 Формализирање на партиципативното планирање | 4.3.1 Донесена одлука на советот во однос на задолжително партиципативно планирање | 2021-2022 |
| | 4.4 Можности за вмрежување со ГС од Бугарија и од Македонија | 4.4.1 Број на остварени прекугранични контакт и средби<br>4.4.2 Број на остварени прекугранични контакт | 2020-2022 |
| СЦ5. Обезбедување на локална платформа за граѓански организации од „Од јавен интерес за локалната заедница“ | 5.1 Холистичка база на податоци за ГС и нејзина промоција | 5.1.1 Креирана и функционална база на податоци | 2019-2020 |
| | 5.2 Дефинирање на транспарентен систем за координација и информирање | 5.2.1 Креиран и функционален систем за координација и информирање помеѓу ГС и ЛС | 2019-2020 |
| | 5.3 Воспоставување систем за постигнување „статус организација од јавен интерес“ и поддршка на ГС | 5.3.1. Воспоставен и оперативен систем за поддршка на ГС при испорака на услуги<br>5.3.2 Број на организации со статус “Организација од јавен интерес“ | 2019-2022 |
| | 5.4 Делегирање на услуги од надлежност на Општината | 5.4.1 Број на делегирани услуги од ЛС кон ГС/НВО на годишно ниво | 2019-2022 |

# А К Ц И С К И   П Л А Н

## Табела 3

| Стратешки приоритетна област на делување 3.<br>Развој на капацитетите | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритети /Стратешки** | **Клучни мерки /Иницијативи** | **Показатели** | **Рок** |
| СЦ6. Систематско и континуирано јакнење на капацитетите на администрацијата и ГС | 6.1 Воведување систем за континуирана обука на администрацијата | 6.1.1 Воспоставен и оперативен систем за континуирана обука на администрацијата | 2020 |
| | 6.2 Програми за обуки на администрацијата: меѓуопштинска и меѓуинституционална соработка, изработка на проектни апликации, користење на современи ИКТ, комуникациски вештини, организациски промени | 6.2.1 Број на креирани програми<br>6.2.2 Број на реализирани настани за обука на годишно ниво<br>6.2.3 Број на вклучени вработени во јавната администрација кои биле вклучени во обуките на годишно ниво<br>изработка на проектни апликации, користење на современи ИКТ, комуникациски вештини, организациски промени | 2019-2020<br>2019-2022<br>2019-2022 |
| | 6.3 Програми за обуки на ГС на темите: вмрежување и меѓу институционална соработка, изработка на проектни апликации, користење на современи ИКТ, комуникациски вештини, организациски промени | 6.3.1 Број на креирани програми<br>6.3.2 Број на реализирани настани за обука на НВО на годишно ниво<br>6.3.3 Број на активисти на НВО кои биле вклучени во обуките на годишно ниво | 2019-2020<br>2019-2022<br>2019-2022 |
| СЦ7. Воспоставување и негување на мотивиран и иновативен тим | 7.1 Следење на иновативните достигнувања и дисеминација на знаења и информации за современите трендови | 7.1.1 Бројот на заеднички обуки за ГС и администрацијата | 2019-2022 |
| | 7.2 Партнерство со ГС и трансфер на знаења за заедничка изработка на стратешки документи | 7.2.1 Бројот на зеднички подготвени проекти со ГС<br>7.2.2 Бројот на зеднички подготвени Стратешки документи со ГС<br>7.2.3 Бројот на зеднички подготвени јавни | 2019-2022 |
| | 7.3 Систем за едукација на ГС | 7.3.1 Воспоставен и оперативен систем за континуирана обука на ГС | 2019-2022 |

# А К Ц И С К И   П Л А Н

## Табела 4

| Стратешки приоритетна област на делување 4.<br>Управување со буџетот | | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритети /Стратешки** | **Клучни мерки /Иницијативи** | **Показатели** | **Рок** |
| СЦ8. Зголемување на вонбуџетски (надворешни) средства за поддршка на ГС | 8.1 Создавање поволни административни и други предуслови за привлекување на приватен капитал | 8.1.1 Број на креирани и имплементирани мерки за привлекување приватен капитал на годишно ниво | 2019-2022 |
| | 8.2 Воспоставување систем за кофинансирање на проекти и активности со бизнис и невладиниот сектор (ЈПП) | 8.2.1 Воспоставен и оперативен систем за кофинансирање на проекти и активности со бизнис и невладиниот сектор<br>8.2.2 Број на воспоставени Јавно- Приватни Партнерства –ЈПП на годишно ниво | 2019-2022 |
| | 8.3 Интензивирање на соработката со странски донатори и фондови во партнерство со ГС | 8.3.1 Број на организирани состаноци со странски донатори и фондови во партнерство со ГС<br><br>8.3.2 Број на поднесени проектни апликации<br><br>8.3.3 Број на финансирани проекти на годишно ниво | 2019-2022 |
| | 8.4 Обезбедување локален фонд за ко- финансирање и пред-финансирање на проекти | 8.4.1 Донесена одлука на Советот на општината за Обезбедување локален фонд за ко-финансирање и пред-финансирање на партнерски проекти на ЛС и ГС | 2019-2020 |
| СЦ9. Обезбедување конзистентност | 9.1 Развој на методологија за зголемување на процентот од општинскиот буџет за финансирање на ГС | 9.1.1 Развиена и оперативна методологија за зголемување на процентот од општинскиот буџет за финансирање на ГС | 2020 |
| | 9.2 Дефинирање транспарентни и прецизни критериуми за финансирање ГС | 9.2.1 Дефинирани транспарентни и прецизни критериуми за финансирање ГС | 2019 |
| | 9.3 Мониторинг/евалуација на доделени грантови за ЗГ | 9.3.1 Формирана работна група за Мониторинг и Евалуација на доделени грантови за ЗГ<br><br>9.3.2 Број на проекти на кои е спроведен мониторинг и евалуација на годишно ниво | 2019<br><br>2019-2022 |

# 9. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Акцискиот план /АП/ претставува значајна алатка за мониторинг на имплементацијата на Стратегијата на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор 2019-2022, со оглед на тоа што сите цели и мерки – финансиски и нефинансиски произлегуваат од визијата. Остварувањето на придобивките од АП на Општината се следи преку извештаи, дискусии, комуникација, ажурирање и дејствување. Извештаите од имплементацијата на Годишните оперативни планови или ГОП /подготвени на основа на АП/ на Општината се изготвуваат квартално, по определен редослед. Притоа, во процесот на следење своја улога имаат Градоначалникот, секретарот и раководителите на одделенијата кои се одговорни за имплементацијата на мерките и активностите за соодветните стратешки приоритетни цели.



Улогата на **Градоначалникот** е да назначи одговорно лице за следење на имплементацијата на Стратегијата на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор 2019-2022.

**Одговорното лице** за следење на имплементацијата на стратегијата во однос на постигнувањето на Стратешките цели од АП ги врши следниве активности:

- го координира прибирањето на информациите од секторите;
- ги известува раководителите на секторите за крајните рокови

за доставување на секторските извештаи;
- ги консолидира секторските извештаи во еден единствен Извештај за ГОП на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор;
- го доставува консолидираниот извештај до Секретарот, Градоначалникот и Советниците на Општина Делчево;
- го следи и спроведува процесот на внесување на промените во АП и ГОП.

**Улогата на раководителите** на одделенијата во процесот на следење на постигнувањето на целите од АП на Општина Делчево за соработка со граѓанскиот сектор се состои од:
- определување на одговорно лице за секој показател од стратешките приоритети кои се дел од секторските цели;
- изготвување извештај за спроведувањето на активностите на ниво на секторот;
- учество во ревидирањето на показателите за секоја приоритетна цел која е дел од секторските цели.



**Одговорното лице** за секој показател од стратешките приоритетни цели во процесот на следење на постигнувањето на целните вредности од АП ги врши следниве активности:

го координира прибирањето на информациите во рамките на секторот;

го известува раководителот на секторот за крајните рокови за доставување на секторскиот извештај;

изработува единствен секторски извештај и го доставува до раководителот на секторот;

го следи и го спроведува процесот на внесување на промените во АП.

Освен за мониторинг, АП ќе се користи и за евалуација на спроведувањето на стратегијата, со цел да се утврди дали биле постигнати планираните цели на политиката на ефикасен начин и дали и до кој степен се јавиле несакани ефекти. Нарушувањето или прекинувањето на причинско-последичната поврзаност на приоритетите, како и непостигнувањето на целните вредности на показателите за одделни приоритети ќе даде информации за тоа дали и какви измени треба да се направат во стратешкиот план.

# 10. ЛИСТА НА ЛИЦА, ОРГАНИЗАЦИИ И ПРЕtСТАВНИЦИ НА ЛС, УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ ЗА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

## Претставници на ГС

**1.Тони Стоименовски**
– Претседател на  Здружение "Регионален Центар за Застапување" Делчево
**2.Валерија Соколова**
-  Координатор на проектот  - Здружение "Регионален Центар за Застапување" Делчево
**3.Маја Стоименовски**
– Здружение "Регионален Центар за Застапување" Делчево
**4.Родне Деолска**
– Здружение "Регионален Центар за Застапување" Делчево
**5.Розета Такева**
– НВО "КХАМ" Делчево
**6.Бети Толевска**
– НВО "КХАМ" Делчево
**7.Анита Цоневска**
– НВО "КХАМ" Делчево
**8.Зенил Рецепов**
– ЗКУД "Гоце Делчев" Делчево
**9.Ермина Рецепова**
– РКЕЦ "Тернипе МК" Делчево
**10.Александар Николов**
– ХЗ "Бравура Кооператива" Делчево
**11.Методи Ѓорѓиевски**
– Здружение на производители на органски производи "Аронија" Делчево
**12.Фиданчо Христов**
– Здружение на производители на органски производи "Аронија" Делчево

**13.Димитар Димитровски**
– Здружение на млади “Локален Младински Совет” Делчево
**14.Перса Стојановска**
– ЗРА “Пијанечки Глас” Делчево
**15.Валери Спасевски**
– Делчево 365 Делчево
**16.Кирчо Анастасов**
– ЗГ “АЗМ” Делчево
**17.Рецеп Османов**
– Порака Делчево
**18.Зоран Поповски**
– СРК ПОП Делчево
**19.Безитовска Џесика**
– РКЕЦ Тернипе МК Делчево

## Претставници на ЕЛС Делчево

**20. Кире Цоневски**
**21. Душко Чапевски**
**22. Влатко Мицевски**
**23. Наташа Димитровска**
**24. Даниела Такева**

## Консултант, модератор на процесот и креатор на документот

**25. Марио Вељковиќ**

| Р. бр. | Граѓански организации со контакт детали и одговорни лица кои учествуваа во подготовката на Стратегијата |
|---|---|
| 1 | Име на организација: **„Регионален Центар за застапување“**<br>E-mail: rczdelcevo@gmail.com<br>Контакт телефон: +389 71 373 193<br>Одговорно лице: Тони Стоименовски |
| 2 | Име на организација: **НВО „КХАМ“**<br>E-mail: nvokhamdelcevo@gmail.com<br>Контакт телефон: +389 71 215 357<br>Одговорно лице: Зекир Абдулов |
| 3 | Име на организација: **ЗКУД “Гоце Делчев”**<br>E-mail: kud_goce_delcev@yahoo.com<br>Контакт телефон: + 389 70 537 544<br>Одговорно лице: Зенил Реџепов |
| 4 | Име на организација: **РКЕЦ “Тернипе МК”**<br>E-mail: ternipemk@gmail.com<br>Контакт телефон: +389 71 428-562<br>Одговорно лице: Ермина Реџепова |
| 5 | Име на организација: **ХЗ “Бравура Кооператива”**<br>E-mail: bravuracooperativa@yahoo.com<br>Контакт телефон: +389 78 349 673<br>Одговорно лице: Александар Николов |
| 6 | Име на организација: **Здружение на производители на органски производи “Аронија” Делчево**<br>E-mail: aronija@gmail.com<br>Контакт телефон: +389 75 598 206<br>Одговорно лице: Фиданчо Христов |
| 7 | Име на организација: **Здружение на млади “Локален Младински Совет”**<br>E-mail: lmsdelcevo@gmail.com<br>Контакт телефон: +389 76 279 048<br>Одговорно лице: Димитар Димитровски |
| 8 | Име на организација: **ЗРА “Пијанечки Глас”**<br>E-mail: glas_pijanecki@yahoo.com<br>Контакт телефон: +389 70 917 038<br>Одговорно лице: Перса Стојановска |
| 9 | Име на организација: **ЗГ “АЗМ”**<br>E-mail: youthaction.de@gmail.com<br>Контакт телефон: +389 79 329 300<br>Одговорно лице: Кирчо Анастасов |
| 10 | Име на организација: **СРК ПОП**<br>E-mail: zg_pop@mt.net.mk<br>Контакт телефон: +389 33 411 666<br>Одговорно лице: Зоран Поповски |

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР 2019 – 2022 ГОДИНА

Foundation for Sustainable Economic Development

PREDA plus

РЦЗ ДЕЛЧЕВО